

# Нет.Инвест

**Нет.Инвест** е софтверски пакет наменет за водење на имот на отворени инвестициски фондови.

Пакетот содржи повеќе меѓусебно поврзани модули кои сочинуваат добро избалансирано, ефикасно, функционално и сеопфатно решение за задоволување на потребите на друштвата кои управуваат со имотите на инвестициските фондови.

**Нет.Инвест** овозможува:

- ✓ Прегледно, едноставно и брзо еднозначно евидентирање на инвеститорите било да се физички лица, правни лица или нерезиденти
- ✓ Брза и едноставна подготовка на документите за пристап и сопственост на удел
- ✓ Повеќе валутно водење на пасивата на фондот и одредување на вредноста на единица удел и вкупна вредност на фондот
- ✓ Обработка и следење на различни финансиски инструменти: акции, обврзници, депозити, благајнички, трезорски и комерцијални записи
- ✓ Историјат на промени и движења на вредности на различни финансиски инструменти
- ✓ Истовремено водење на портфолија на повеќе инвестициони фондови
- ✓ Параметризација на провизии, трошоци и надоместоци
- ✓ Водење на регистар на брокерски куќи
- ✓ Креирање на стандардизирани и нестандардизирани (според желба и потреба) извештаи
- ✓ Автоматизирано раскнижување на трансакциите
- ✓ Експорт и импорт на податоци во различни формати
- ✓ Размена на податоци во реално време

**Карактеристики на софтверскиот пакет Нет.Инвест:**

- Модуларно базирано решение
- Применети највисоките стандарди за развој на апликативен софтвер
- Имплементирани сигурносни контроли согласно стандардите за безбедност на информациите (ISO17799 и ISO27001)
- Клиент-сервер ориентирано решение базирано на .Net и SQL со голема скалабилност и високи перформанси
- Централизирано чување на податоците
- Едноставни функции за заштита на податоците
- Разработени процедури за враќање на постари (архивирани) податоци заради споредба и увид во состојба и историјат на промени
- Можност за дефинирање на неограничен број кориснички профили, со различни нивоа на пристап и привилегии
- Едноставен, лесен за употреба графички интерфејс

Net.Bit

## Модуларна архитектура

Софтверскиот пакет **Нет.Инвест** се состои од неколку модули кои поддржуваат:

- Управување со имотот на друштвото (портфолио)
- Финансиско книговодство
- Автоматизирани книжења
- Креирање извештаи
- Водење на пасивата на фондот

### Управување со имотот на друштвото (портфолио)

Имотот на друштвото (портфолиото) се состои од вредноста на домашните и странски хартии од вредност.

Суштината на овој модул за управување со имотот на друштвото е во секојдневната пресметка на секоја од поединечните хартии од вредност во портфолиото и пресметка на бруто и нето вредноста на фондот. Можноста за следење на нето вредноста на фондот на дневна основа овозможува брза и едноставна пресметка на успешноста на работењето на фондот во било кој временски период.

**Нет.Инвест** овозможува работење со следните финансиски инструменти:

- Акции
- Обврзници
- Депозити
- Благајнички, трезорски и комерцијални записи

### Финансиско книговодство

Овој модул претставува класично апликативно решение за водење на финансиско книговодство на трговски друштва кое во некои сегменти е прилагоден на специфичностите на финансиските институции. **Нет.Инвест** овозможува посебно водење на книговодство за повеќе субјекти.

**Нет.Инвест** овозможува независно водење на книговодството за секој субјект поединечно (било да се работи за друштвото за управување со фондовите или за самиот фонд/фондови):

### Автоматизирано книжење

Реализираните транскации за купување или продажба на хартии од вредност е потребно соодветно да се прокнижат.

Софтверскиот пакет **Нет.Инвест** овозможува автоматизирани книжења на трансакциите со помош на однапред дефинирани шеми на книжења што претставува значително поедностaвување и олеснување на работењето.

Книжењето се реализира во 2 чекори:

- Авторизација на трансакцијата
- Книжење на трансакциите

По спроведеното книжење, трансакциите се веднаш видливи во дневникот на книжења и останатите финансиски документи.

Вреднувањето на финансиските инструменти во состав на портфолиото се врши автоматизирано во временски периоди според потребите на корисникот (дневно, неделно, месечно). Модулот за вреднување ги врши следните активности:

- Проверува дали се на располагање сите потребни податоци за вреднувањето (курсеви, стапки, цени,...)
- Пресметува нови вредности на финансиските инструменит во портфолиото
- Креирање на податоци кои се достапни за увид во финансиските извештаи.

### Извештаи

Модулот за извештаи овозможува креирање на различни извештаи согласно барањата на Комисијата за хартии од вредност и барањата на корисниците.

Модулот за извештаи во состав на софтверскиот пакет **Нет.Инвест** обезбедува:

- Извештаи од активата на фондот (состав на портфолиото по финансиски инструменти и позиции, Ликвидност, Издавачи, преглед на трснаскции во даден временски рок, вредност на портфолиото на одреден датум со пресметани приходи на фондот во одреден временски период),
- Финансиски извештаи (деловен партнер, картичка на деловен партнер, отворени позиции, состојба на наплатата, состојба на деловен партнер по: конта, организациони единици, состојба на деловен партнер по конта и организациони единици, книга на влезни и излезни пресметки, дневник, салдо по организациони единици, салдо промет конта/организациони единици, бруто биланс)
- Извештаи за комисијата за хартии од вредност (Нето извештај на фондот, Финасиски показатели, Структура на портфолио, Број на удели и нивна промена, Реализирани добивки и загуби, Нереализирани добивки и загуби)

### Водење на пасивата на фондот

Посебно значаен модул за инвестиционите фондови кој се однесува на водење на пасивата на фондот, односно евиденција за сопствениците на удели во фондот. Овој модул овозможува следење на сите промени во базата на пасивата на фондот и во секој момент овозможува увид во бројот на активни удели во фондот. Понатака, овој модул овозможува креирање на сите извештаи кои се однесуваат на пасивата на фондот (потврда за сопственост, потврда за купување или продажба на удел, пренос на сопственост на удел).

**Нет-Бит д.о.о.** Чедомир Миндеровиќ 41, 1000 Скопје, Р. Македонија Тел/Факс: +389 2 329 85 33, www.netbit.com.mk